Сојуз за
младинска
работа

Согласно Статутот на Сојузот за младинска работа (СМР), СМР, на 30.05.2025 год., распишува:

# ПОВИК ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА НОВИ ОРГАНИЗАЦИИ КОН СОЈУЗОТ ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА

Во пресрет на Генералното Собрание, Сојузот за младинска работа на Македонија отвора повик за приклучување на нови организации и ги повикува сите заинтересирани правни лица, здруженија, фондации или сојузи на здруженија, кои се регистрирани во Република Македонија и работат според Законот за здруженија и фондации и Законот за Црвен Крст.

Сојузот за младинска работа е мрежа од младински организации и организации кои работат со и за млади, чија мисија е регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младински работници и подигнување на јавната свест за значењето на младинската работа. Визијата на СМР е младинска работа да биде признаена како професија и да постои изграден систем за поддршка на младите луѓе и младинските работници. Основната цел на СМР е афирмација и признавање на младинската работа, нејзино следење, проценување, унапредување и континуиран развој заради обезбедување квалитетна, ефикасна и ефективна поддршка на младиот човек.

***Задачи на Сојузот за Младинска Работа се:***

- поврзување односно олеснување и/или водење на процесот на поврзување, меѓусебна помош и поддршка, размена на искуства и соработка помеѓу младинските работници, младинските организации и други организации понудувачи на младинската работа;
- афирмација и водење на процеси и постапки за препознавање и признавање на вредностите од младинската работа (самопризнавање, општествено, формално и политичко признавање);
- поставување стандарди и критериуми за квалитет, следење и контрола на квалитетот на младинската работа и негово континуирано унапредување;
- водење на национални процесите на образование на младински работници преку стандардизирани и акредитирани програми, самостојно и во соработка со образовните институции;
- креирање на дата база на младински работници;
- подобрување на пристапот и заштита на правата на младинските работници.

## Критериуми за членство:

1.1. Секоја организација-членка има искуство со младинска работа на локално или национално ниво најмалку **2 години**.

Искуството подразбира:

- Годишно да реализираат најмалку 5 активности како независни краткорочни активности, или 2 долгорочни програми за младинска работа;
- Реализираните активности да имаат јасни цели, поврзани со општите цели на младинската работа, односно личен и социјален развој на младите;
- Реализираните активности да се јасно спроведени според принципи на неформално образование и информално учење;
- Реализираните активности да имаат вкупен годишен опфат од најмалку 50 млади лица кои се корисници на активностите.

1.2. Младинската работа или слични термини (неформално учење, личен и социјален развој на млади, активно учество во заедницата и слично) се јасно содржани во Статутот или Програмата за работа на организацијата.

1.3. Да имаат вклучено во својата работа (редовно секој месец) барем 2 младински работници. Под вклучување се подразбира како членови на организација, волонтери или лица со привремен или постојан работен однос.

## Права на членките на СМР:

- учество во остварувањето на целите на СМР;
- учество и гласање на Собранието;
- непосредно одлучување на Собранието или преку органите на СМР;
- предлагање и гласање за членови на Управниот одбор;
- давање мислења и предлози во работните групи;
- предлагање активности во годишниот план на СМР;
- увид во документите на СМР;
- барање толкување на Статутот;
- други права предвидени со правилниците;
- истапување од членство.

## Должности на членките на СМР:

- редовно учество на годишните собранија;
- плаќање годишна членарина од 1 000 МКД (или износ утврден со одлука на Управниот одбор);
- придржување кон вредностите на СМР и зачувување на нејзиниот углед;
- активен придонес кон развојот на СМР;

- известување за секоја промена на Статутот и доставување пречистен текст во рок од 30 дена од регистрацијата на измената.

## Пријавувањето се врши со доставување на следните документи:

1. Писмо за намера;
2. Статут;
3. Тековна состојба (не постара од 6 месеци);
4. Годишни финансиски и наративни извештаи за последните две години;
5. Одлука за членство во СМР донесена од тело овластено да носи такви одлуки согласно Статутот и интерните документи на подносителот.

Пријавите треба да се испратат на електронската адреса на СМР, smr.sojuz@gmail.com најдоцна до **20.06.2025** година, со назнака: **Кандидатура за приклучување на нови организации кон СМР.**

Управниот одбор на СМР ги разгледува документите и пред Собрание ќе достави свое мислење и ќе ги препрати документите до сите тековни членови на СМР.

Изборот ќе се изврши по пат на тајно гласање од страна на членките на СМР на време на генералното обрание кое ќе се одржи од 30.06.2025. Организациите кандидати за членки на СМР ќе бидат поканети како гости на генералното собрание, каде ќе имаат можност да го претставаат својот профил и мотивација за зачленување на СМР, по што ќе се пристапи кон тајно гласање. За прием на нови организации – членки, потребно е просто мнозинство.